## Симптоми на хипотермија:

-треска,ладна, бледа и студена кожа
-апатија,дезорентација или несоодветно однесување
-летаргија или пореметување на свеста
-забавено и плитко дишење
-забавен и ослабен пулс



## СМРЗНАТИНИ

Препознавање:

- можно појава на трнење во почетокот,
- бледило проследено со вкочанетост
- втврднување на кожата
- промена на бојата на кожата на засегнатата површина: во почетокот е бела, подоцна сивкаста и модра. По опоравувањето кожата може да биде црвена, жешка, болезникава и да има појава на меури. Ако се појави гангрена тогаш се јавува поцрнување на ткивото поради недостиг на крвоснабдување.







Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Macedonian Red Cross

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО на Република Македонија

Институт за јавно здравство

на Република Македонија

# КАКО ПРОТИВ СТУДЕНОТО ВРЕМЕ?

# Препораки за матичните лекари

## Состојби кои го зголемуваат ризикот од штетни последици врз здравствените проблеми за време на ладен бран

| Заболување | Главнопоглавјеод МПКЗ |
|---|---|
| Кардиоваскуларно заболување, хипертензија, коронарно артериско заболување, срцеви нарушувања | I00–I99 |
| Заболувања на респираторниот систем, хронично пониско респираторно заболување (ХПРЗ, бронхитис) | J00–J99 |
| Дијабетес мелетус, други ендокрини нарушувања | E10–E14 |
| Органски или ментални нарушувања, деменција, Алцхајмерова болест (блага, умерена, сериозна) | F00–F09 |
| Ментални нарушувања и нарушувања во однесувањето поради употреба на психоактивни супстанции, алкохолизам | F10–F19 |
| Шизофренија, халуцинации | F20–F29 |
| Екстрапирамидални нарушувања и нарушувања во движењето (пр. Паркинсова болест) | G20–G26 |
| Мускуло-скелетни нарушувања вклучувајќи ревматски артритис (Пиенимаки, 2002) | |

Многу кожни заболувања се влошуваат при ладно време

Забелешка. Оваа табела се осврнува само на хронични (долгорочни состојби), а не акутни заболувања. Респираторните инфекции се исто така ризик фактори за морталитетот поврзан со ладно време (Морцоко&Фалагас, 2007).



# ПОТСЕТЕТЕ СЕ!

1. За механизмите на манифестирање на болестите поврзани со ладното време, дијагноза и третман.
2. Како функционираат системот за терморегулација и крвотокот на ладно време.
3. Како се развиваат смрзнатиците и хипотермијата, и кај кои луѓе се зголемува ризикот од истите.
4. Ризикот и заштитните фактори од болестите поврзани со ладното време.
5. Лекарска терапија и внесување на течности кај 1) болни лица, 2) оние со напредни срцеви болести или 3) луѓе кои се зачестено изложени на ладно на подолги периоди.

## ЕДУЦИРАЈТЕ, СОВЕТУВАЈТЕ И ИНФОРМИРАЈТЕ ГИ ПАЦИЕНТИТЕ ЗА:

1. Важноста кон придржување на препораките дадени во едукативните материјали за општата популација.
2. Можните несакани последици од препишаните лекарства и потребата за прилагодување на дозата, доколку е потребно, за време на зимскиот период.
3. За подетални информации да ги контактираат медицинските и социјалните служби, линиите за помош и итните медицински служби.

***Носете одлуки на индивидуална основа, бидејќи не постојат – според досегашните сознанија – стандарди или формални совети за прилагодувањето на лекарствата во зимската сезона.***